РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-11448/11
2 8 -12- 2020 СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство на електрична енергија
ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО
Бр. 03-03
25.12.2020 год.
СКОПЈЕ

АНЕКС бр. 2

на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 бр. 02-5812/1 од 02.07.2015 година

Склучен на ден 25.12.2020 година, во Скопје помеѓу:

Влада на Република Северна Македонија, застапувана од Министерот за животна средина и просторно планирање Naser Nuredini, во понатамошниот текст "Даватели на концесија" или "Концедент",и

"ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП " ДОО Скопје, како трговско друштво за посебна намена согласно соодветен закон на Република Македонија, со единствен даночен број 4080014545962, и со седиште на ул. Чедомир Миндеровиќ бр.20 Скопје-Центар, Република Македонија, застапувано од управителот Предраг Чемерикиќ, во понатамошниот текст "Концесионер".

Врз основа на член 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/2019 и 261/2019), член 5 став (3) и член 77 од Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6, со број 02-5812/1 од 02.07.2015 година, а врз основа на барање и приложена документација од страна на концесионерот за продолжување на рокот за изградба на малите хидроелектрични централи, прифатени од Владата на Република Северна Македонија, со Заклучок усвоен Триесет и втората седница одржана на 22.12.2020 година, Договорните страни го склучија овој Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6, со број 02-5812/1 од 02.07.2015 година, со Анекс на Договорот бр. 11-321/1 од 12.01.2018 година (во понатамошниот текст Договор за концесија).

Член 1

Во член 5 став (2), член 27 (1), член 30 точка 7, член 33 став (1) рокот за изградба на објектите се определува до 03.01.2023 година.

Член 2

Во членот 68 од Договорот за концесија во ставот (2) и (6) зборовите "заклучно до 04.11.2019 година" се менуваат и гласат "заклучно до 03.01.2023 година".

Член 3

Овој Анекс, составен дел од Договорот за концесија, е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци на македонски јазик, два за Концедентот и два за Концесионерот.

Член 4

Овој Анекс стапува во сила со денот потпишувањето од овластените претставници на договорните страни.

За КОНЦЕДЕНТОТ:

Влада на Република Северна Македонија

Министер за животна средина и просторно планирање

Naser Nuredini

За КОНЦЕСИОНЕРОТ:

ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП "
ДОО Скопје

Предраг Чемерикиќ